

Борка
за секој нов ден

ЗХПВМ HPVSM

# ДАЛИ ЗНАЕТЕ ДЕКА РАКОТ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА МОЖЕ ДА СЕ СПРЕЧИ?

# Што треба да знаеш за ХПВ

ХПВ (Хуманипапилома Вирус) претставува главен фактор кој ги предизвикува предраковите состојби како и ракот на грлото на матката. Инфекцијата со ХПВ се јавува, главно, кај млади жени, а претставува помалку честа инфекција кај жени на возраст над 30 години.

Постојат над 120 различни типови на ХПВ вирусот, но само неколку од нив се сметаат за високо ризични, односно онкогени кои предизвикуваат рак во половата регија кај жената и кај мажот. Тие можат да се детектираат а потоа и да се типизираат т.е. да се одреди детално присуството на ХПВ. Типовите на ХПВ кои најчесто се поврзани со ракот на грлото на матка се: 16, 18, 31, 33, 35, 39, 45, 51, 52, 56, 58, 68, 69 и други.

Фактори на ризик кои влијаат на појавувањето на рак на грлото на матката:
- раѓање на голем број деца;
- голем број на сексуални партнери и некористење кондом;
- ако партнерот претходно имал голем број сексуални партнери;
- ако првиот сексуален однос бил на рана возраст;
- пушење;
- употреба на пилули за контрацепција;
- слаб имунолошки систем;.

Голем број сексуални партнери е фактор на ризик за добивање на инфекција со ХПВ. Иако најголемиот број од инфекциите со ХПВ можат да поминат без да предизвикаат одреден тип на промена, инфекцијата со високоризичните типови ХПВ ја зголемува шансата за прогресија на предраковите промени во посериозна форма на напреднат рак на грлото на матката (инвазивен).

Сепак, од жените кај кои се развиле промени на грлото на матката, само мал процент ќе добијат инвазивен рак на грлото на матката. Дали жената ќе развие рак на грлото на матката зависи од различните фактори кои делуваат заедно со високоризичните типови на ХПВ, а тука спаѓаат: пушењето, ослабен имунитет, раѓањето голем број деца и др.

## Како може да се добие инфекција со ХПВ?

ХПВ најчесто се пренесува преку кожата, слузокожите преку вагинален, анален или орален сексуален однос со партнер кој е веќе инфициран со ХПВ. Доколку постои инфекција може да се потребни недели, месеци, па дури и години за да се појават симптомите или знаците. Постои можност никогаш да не се појават симптомите.

## Како може да дознаам дали имам ХПВ?

Тестот за откривање на ХПВ е метод со кој се определува присуство на инфекција, и доколку таа постои, од кој тип на вирус односно дали е предизвикана од вирус кој спаѓа во високоризичната група на ХПВ. Тестот за ХПВ обично се изведува кај жени на возраст над 30 години, заедно со ПАП-тест. Тестирањето на примерок од цервикалните клетки претставува ефективен начин за да се идентификуваат присутните високоризични типови на ХПВ.

## Симптоми на ХПВ инфекција

ХПВ инфекцијата предизвикана од нискоризични ХПВ може да предизвика појава на промени во облик на израстоци налик на карфиол или рамен облик и тие се нарекуваат генитални брадавици. Овие брадавици може да имаат и рамен облик. Може да се појават на грлото на матката, вагината, вулвата (надворешните гениталии кај жената) и други локализации. Тие може да се појават недели или месеци по половиот однос со инфициран партнер, а може и воопшто да не се појават.

## ХПВ и ракот на грлото на матката

Во повеќето случаи, ракот на грлото на матката е болест што бавно прогресира. За да премине предраковата промена во рак на грло на матката потребни се повеќе години. Секако, тоа кај некои жени може да се случи и побрзо.

Со ХПВ вакцината, редовни и навремени гинеколошки прегледи, со изведувањето на ПАП-тестот, ќе се овозможи: спречување на инфекција со ХПВ, нејзино ширење, навремено откривање на абнормалните – предракови промени кои настанале на грлото на матката како и нивно навремено третирање.

Што уште треба да знаеш?

# Симптоми на ракот на грлото на матката

• **Абнормално крвавење.** Кај жените со рак на грлото на матката може да се појави абнормално вагинално крвавење. Ова може да биде мало или обилно крвавење во текот или помеѓу менструалното крвавење.
Крвавењето може да се јави  и помеѓу редовни менструални циклуси, по сексуален однос, при промивка, како и при гинеколошки преглед. Тоа е поради иритацијата на грлото на матката во текот на изведувањето на овие активности.
• **Невообичаен исцедок.** Зголемен вагинален исцедок е исто така симптом на ракот на грлото на матката. Може да е со необичен мирис, воденикав, густ или да содржи мукоза.
Многу е важно да го известиш твојот матичен гинеколог  за невообичаениот вагинален исцедок.
• **Болка во тазот (карлицата).** Оваа болка која не е поврзана со нормалниот менструален циклус може да претставува симптом на ракот на грлото на матката. Жените ја опишуваат како тапа или остра болка која може да трае и со часови. Може да биде умерена или тешка.
• **Болка при мокрење.** Болка во мочниот меур во текот на уринирањето може да биде симптом на напредната форма на ракот на грлото на матката. Овој симптом обично се јавува кога ракот е во напредната фаза и го зафаќа мочниот меур.

**Прегледот кај доктор, матичен гинеколог е задолжителен!**

Мора да се обрне внимание на фактот дека овие симптоми може да бидат и

симптоми на многу други заболувања. Затоа доколку се забележат овие симптоми, потребно е да се посети доктор во најскоро време.  Докторот ќе изврши гинеколошки преглед и по негова сугестија може да предложи дополнителни прегледи и тестови (ПАП-тест, тест за ХПВ и сл.).

# Како да се намали ризикот од рак на грлото на матката

**1.Примена на ХПВ вакцината.**

ХПВ вакцината овозможува заштита од двата најчести високоризични типови на ХПВ, тип 16 и 18 кои во најголемиот број случаи, предизвикуваат рак на грлото на матката и ХПВ тип 6 и 11 кои предизвикуваат генитални брадавици. Вакцината е наменета за девојчиња и млади жени на возраст од 9 до 26 години како и за возрасни жени до 45 години.

Од октомври 2009 година во Република Македонија, вакцината против ХПВ е воведена како задолжителна вакцина во редовниот календар за вакцинација на девојчиња на 12-годишна возраст. ХПВ вакцината е со потврдена ефикасност, имуногеност и добар профил на подносливост и безопасност, одобрена и препорачана во над 127 земји во светот.

**Важно е да се напомене дека и вакцинираните девојчиња и жени треба да продолжат со редовни гинеколошки прегледи и одговорно сексуално однесување.**

**2. Редовни ПАП-тестови.**

• ПАП-тестот може да ги детектира промените во најраната фаза

(предракова), пред тие да напреднат во рак на грлото на матката. Потребните информации за тоа колку често треба да се изведува ПАП-тестот можете да го дознаете од вашиот матичен гинеколог.

• Редовни контроли, гинеколошки прегледи и ПАП-тест треба да се прави и кај веќе дијагностицираните промени.

• Редовни контроли, прегледи и ПАП-тест се препорачува и после направениот третман за предракови промени (цервикална дисплазија, CIN), затоа што предраковите промени можат да се повторат, и ако не бидат забележани навреме, може да преминат во рак на грлото на матката.

**3. Ограничување на сексуалните партнери.**

Студиите покажуваат дека жените кои имаат голем број на сексуални партнери, се со зголемен ризик за стекнување на ХПВ инфекција, која претставува фактор за развој на ракот на грлото на матката.

**4. Да се прекине пушењето или да се избегнува пасивното пушење.**

Пушењето го зголемува ризикот за развој на повеќе типови рак, вклучувајќи го и ракот на грлото на матката.

Пушењето во комбинација со инфекцијата со ХПВ може да влијае врз прогресијата на предраковата состојба во рак на грлото на матката.

Затоа е најдобро да се прекине со оваа лоша навика.

**5. Незаштитениот сексуален однос.**

Незаштитениот сексуален однос го зголемува ризикот за инфекција со ХИВ (вирусот на СИДА), како и со други СПИ (сексуално преносливи инфекции) меѓу кои најчестата е инфекцијата со Хуманпапилома вирусот.

**Затоа, користи кондом!**

Борка
за секој нов ден

Борка
за секој нов ден

Борка

за секој нов ден

Борка
за секој нов ден

# Мисија

Здружението за борба против рак„Борка - за секој нов ден“ – Скопје, речиси 6 години е активно вклучено во борбата против ракот. Нашата мисија е со информирање и со едукација да ја подигнеме свеста на граѓаните на Македонија за претпазливост, сериозен пристап, навремено лекување, социјална и емотивна поддршка на заболените и перцепирање на ракот како потенцијално излечива болест. Сметаме  дека сите ние треба активно да учествуваме во создавањето здрава популација свесна за ризиците и предизвиците од оваа болест. Во исто време, сме фокусирани и на давање психо-социјална помош како на сите заболени од рак така и на нивните блиски во соочувањето со оваа болест и поддршка во нивната борба при поминувањето низ тој трнлив пат.

На бесплатната телефонска линија

**0800 55 777**

можете да стапите во контакт со некоја од нашите волонтерки,
кои се подготвени да ви дадат информација и поддршка.

Борка
за секој нов ден

Телефон: 02 3224 636 • www.borka.org.mk

Поддржано од

MSD
Be well